**20160962414**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО**

Врз основа на член 144-ј став (4) од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија“ бр. 43/2012, 145/2012, 87/2013, 164/2013, 39/2014, 43/2014, 132/2014, 188/2014, 10/2015, 61/2015, 154/2015, 192/2015, 17/2016 и 37/2016), министерот за здравство утврди

# ПРАВИЛНИК ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ВО ОДНОС НА ПРОСТОРНИТЕ УСЛОВИ И МАТЕРИЈАЛНО-ТЕХНИЧКАТА И ИНФОРМАТИЧКАТА ОПРЕМА НА ПРОСТОРИИТЕ ЗА ПОЛАГАЊЕ НА КОЛОКВИУМИТЕ, ИНТЕРМЕДИЈАЛНИОТ И СПЕЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ИСПИТ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат критериумите во однос на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема на просториите за полагање на интермедијалниот и специјалистичкиот испит, како и колоквиумите (во натамошниот текст: колоквиумот и испитите).

Член 2

Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата заради спроведување на колоквиумот и испитите располага со следната материјално-техничка и информатичка опрема и опрема за снимање на полагањето:

- најмалку 20 работни бироа, од кои 19 за поставување на компјутерите и едно за членовите на комисијата за спроведување на колоквиумот, односно за спроведување на испитот;
- најмалку 22 столчиња;
- најмалку 20 преносни компјутери чиј монитор е со димензии од најмалку 15“ или 20 персонални компјутери чиј монитор е со димензии од најмалку 17“;
- екран за објавување резултати со димензии од најмалку 40” (телевизор или проектор);
- еден централен сервер со монитор за надгледување на процесот на тестирање и за локално снимање на процесот на тестирање, на кој е инсталирана софтверска апликација што овозможува спроведување на електронското полагање на колоквиумот и испитите и воспоставување и водење единствена база на податоци од спроведувањето на колоквиумот и испитите потребни за стручна анализа и за стручен надзор над спроведувањето на колоквиумот и испитите;
- локална комуникациска мрежа;
- мрежен преклопник, и
- најмалку две мрежни камери за снимање на полагањето.

Опремата од став 1 на овој член е распоредена во една или повеќе простории, обезбедени со систем за вентилација, со кои располага високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата заради спроведување на колоквиумот и испитите. Високообразовната установа на која се спроведува специјализацијата заради спроведување на колоквиумот и испитите располага и со симетрична интернет врска со брзина од најмалку 10 Мб/с.

Член 3

Високообразовните установи на кои се спроведува специјализација се должни да ги обезбедат просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема од член 2 на овој правилник во рок од една година од влегување во сила на овој правилник.

Високообразовните установи на кои се спроведува специјализација до обезбедување на просторните услови и материјално-техничката и информатичката опрема од член 2 на овој правилник, колоквиумите и испитите ги спроведуваат во просторните услови и со материјално-техничката и информатичката опрема со која располагаат на денот на влегување во сила на овој правилник.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на донесувањето и ќе се објави на веб страницата на Министерството за здравство и во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 22-4661/1
17 мај 2016 година
Скопје

Министер,
**Никола Тодоров**, с.р.